**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 10. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4678 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 октомври 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 09.08.2018 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-420, 09.08.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (17.08.2018 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 06.10.2018 година, на локално ниво (Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско), констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*